# Хрватскиот министер за земјоделство Тихомир Јаковина и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Димовски во посета на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој



Во рамките на посетата на Република Македонија Министерот за земјоделство на Република Хрватска г-дин Тихомир Јаковина и неговиот помошник Министер задолжен за менаџмент на ЕУ фондови г-ѓа Даворка Хајдуковиќ заедно со домаќинот Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Љупчо Димовски денес реализираа посета на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.



На средбата со директорот Тони Димовски беа разменети искуства во врска со спроведувањето на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во двете земји како и имплементирањето на ИПАРД Програмата која исто така се спроведува во рамките на поддршката на земјоделскиот сектор.

Работната посета се реализира во функција на унапредување и продлабочување на заедничката соработка и зајакнување на размената на знаење и искуства во областа на искористување на претпристапните фондови за рурален развој од ЕУ, која е од огромно значење за Република Македонија како земја кандидат вклучена во процесот на пристапување кон Европската Унија.